Сиг. 0801-43

Инв. Бр. 1/10

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ПО МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

*Скопје, 2004*

# ХОР И ОРКЕСТАР

## ЦЕЛ

Цел на проектните активности по музичка уметност ХОР / ОРКЕСТАР е учениците да ги прошируваат знаењата од музичката уметност и културата за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за индивидуален, колективен однос во заедничка презентација на вокално/инструментални дела во училиштето и надвор од него.

### Посебни цели:

- да создава навика за редовнаст и точност;
- да се развиваат творечки способности, етичките и естетските вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и кретивен однос кон интерпретацијата на хорските или оркестарските композиции;
- да развива способност за индивидуално инструментално и вокално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упаства на диригентот – менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музикатата и музичката критика;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска / оркестарска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да ги проширува сознанијата за улогата на музиката и другите уметности и нивната меѓусебна поврзаност;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.)
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов и способност за вокална, инструментална и вокално - инструментална интерпретација и запознавање со културите на другите народи;

# ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнувањето на целите на активностите од музичката уметност ХОР/ ОРКЕСТАР ученикот преба да ги користи предзнаењата стекнати во основното образование и искуствата стекнати со посета на разни музички настапи.

# ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## Структуирање на содржините за активностите

| ДЕЛАТА ЗА ОБРАБОТКА | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација со другите предмети | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Аудиција | Ученикот: | Наставникот: | | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

## Организација на проектните активности:

Проектните активности по музичка уметност ХОР/ОРКЕСТАР ќе се организираат во групи составени од по 35ученици – минимум, а максимумот зависи од способностите и заинтересираноста на учениците. Групите може да бидат составени од ученици од I, II, III и IV година и според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде вон редовната настава, во слободното време. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира спрема просторните можности на училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Хорските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и во локалната средина и пошироко за разни пригоди.

## Наставни методи и активности на учење и творештво

Во остварувањето на целите на проектните активности ХОР/ ОРКЕСТАР ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и други. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку вокална, инструментална презентација. Ќе се соработува со разни културно – уметнички институции, музички училишта, ФМУ, наши познати уметници, композитори, соло-пеачи, инструменталци, балетски уметници и сите оние кои ќе помогнат во постигнувањето на поставените цели за овие активности.

## Просторни и материјално –технички услови

Наставата ќе се реализира во наменски кабинет по музичка уметност опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература. Ќе се користат расположивите материјално – технички средства и помагала во училиштето и со тие што располага ученикот (инструменти).

Настапи: Хорски и оркестарски смотри/ натпревари
Активности во училиштето
Активности во локалната средина

# АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА МУЗИКАТА

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА НОВИ МОЖНИ ПОДРАЧЈА:

- ЉУБИТЕЛИ НА МУЗИКАТА
- МУЗИЧКО - НОВИНАРСКИ КЛУБ
- ФОЛКЛОРЕН КЛУБ
- МЛАДИ КОМПОЗИТОРИ – ИСТРАЖУВАЧИ

## ОПШТИ ЦЕЛИ

- воведување на учениците во истражувачка работа (сите фази од планирање до презентирање на приказ од истражување);
- оспособување на учениците за самостојност во работата;
- поттикнување на учениците за соработка во тимот при истражувањето и пронаоѓање други можности за соработка вон училиштето(посета на опера, балет, македонска филхармонија, ФМУ, КУД, институт за фолклор, концерти на сериозна, забавна, народна и друг вид музика);
- оспособување на учениците за евидентирање, селектирање, анализирање на информации, валидно сумирње на резултатите и изработка на веродостоен приказ на истражувањето;
- оспособување на учениците за компетентно и самостојно презентирање на завршената задача;
- подршка од училиштето за исполнување на проектот кој треба да се реализира;
- подршка од други институции за исполнување на поставените задачи кои треба да се реализираат;
- потикнување интерес и љубов кон музиката.

## *ПОСЕБНИ ЦЕЛИ*

- откривање на интерес на ученикот за одредени подрачја од областа на музиката;
- обука на ученикот за изработка на проект од области на музиката;
- проширување и продлабочување на знаењата на ученикот во полето на музиката;
- поттикнување на кретивен индивидуален однос на ученикот кон музички проблем и кон музиката во целина;
- поттикнивање на соработка во група (тимска работа);
- откривање креативност кај ученикот;
- да развива творечки способности, етичките и естетските вредности;
- да планира, организира и реализира учество на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.)

- да соработува со други лица од институции, стручни организации од обласга на уметноста и културата;
- да развива љубов кон вокална, инструментална и вокално - инструментална интерпретација;
- запознавање со културите на другите народи и нивната музичка и фолклорна традиција;
- да развива желба за индивидуална презентација на изработена проектна активност;

## *ОПШТИ НАСОКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ*

Активностите се планираат и реализираат во рамките на годишниот фонд на часови. Планирањето на проектните активности треба да биде флексибилно и прилагодено на индивидуалните способности на учениците, културните средини и училишните услови. Годишниот фонд на часови е со обемот по 35 часа кои ќе се реализираатна следниот начин:

- 15 часови кои наставникот ги користи за давање општи насоки и објаснување на целта, методологијата ( користење на различни датотеки, стручна литература и други извори на податоци, пр.следење на музичко-сценско дело- опис на делото преку видео презентација или по можност посета во МНТ), изработување на план за работа, анализа на податоците, изработување на приказот на истражувањето, инструментите за изработување на проектната задача и начинот на презентацијата;
- 20 часови ученикот ги реализира самостојно, но постојано е под менторство на наставникот. Ученикот води свое ученичко досие-портфолио во кое ги бележи своите активности. Ученикот има можност да ги открие свои индивидуални творечки и креативни способности. Има можност да се открие талент на ученикот, а со тоа и да се усмери за понатамошно образование. Ученикот се воведува во самостојна истражувачка работа. А комуникацијата наставник-ученик е нов (менторски) каде се стекнуваат почитување и самодовербата а со тоа се зајакнува однос ученик – наставник.

# ЉУБИТЕЛИ НА МУЗИКАТА

## Општа цел

Да развива љубов и интерес кон разни видови на музика преку истражување, анализирање, откривање на нови сознанија и достигнувања во светот на музиката. Поттикнување на учениците за индивидуална, групна, вокална или инструментална интерпретција, соработка во тимот и пронаоѓање други можности за соработка вон училиштето (посета на опера, балет, македонска филхармонија, ФМУ, КУД, институт за фолклор, концерти на сериозна, забавна, народна и друг вид музика);

## Конкретни цели

- обука на ученикот за изработка на музички проект;
- откривање способност за вокална - индивидуална интерпретација;
- откривање способност за инструментална интерпретација и тимско подржување во групата;
- проширување и продлабочување на знаењата од областа на музика (разни видови на музика) по желба на тимско истражување;
- креативна соработка со разни институции кои овозможуваат поголема информација за истражување на полето на музиката;
- оспособување на учениците за евидентирање, селектирање, анализирање на информации;
- оспособување на учениците за компетентно и самостојно презентирање на завршената задача;
- подршка од училиштето за исполнување на проектот кој треба да се реализира;

| | ОБЛАСТ | ТЕМА |
|---|---|---|
| 1. | ИСТОРИЈА НА МУЗИКА | Потекло на музиката и нејзиниот развој |
| | | Музика во стариот Рим |
| | | Музика во средниот век |
| | | Средновековна световна музика |
| | | Ренесансни музички форми |
| | | Појава на опера |
| | | Инструменти во барокот |
| | | Разлика помеѓу Хајдн и Моцарт |
| | | Посета на стручна трибина организирана на „Струшка музичка есен” |
| | | Попсета на стручно предавање на ФМУ од наш домашен композитор за неговиот творечки опус |
| | | Посета и анализа на опера:„Травијата” (анализа на либрето) |
| | | Посета и анализа балетот:„Лебедово езеро”( -----------) |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | ФОЛКЛОР | Основни карактеристики на музичкиот фолклор |
| | | Метрика, ритам и мелодика на народната песна |
| | | Народни музички инструменти |
| | | Орото - народна традиција |
| | | Македонски фолклор во модерни стилови |
| 3. | ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА | Забавна композиција ,, |
| | | Народна песна ,, |
| | | Разговор со познат вокален интерпретатор на забавни песни |
| | | Разговор со познат вокален интерпретатор на народни песни |
| | | Припрема за настап – концерт |
| 4. | ИНСТРУМЕНТАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА | Забавна композиција,, |
| | | Композиција по желба на ученикот |
| | | Разговор со наш познат инструментален интерпретатор |
| 5. | ЗАБАВНА МУЗИКА | Посета на концерт: |
| | | Интервју на композитор – творец на забавната песна |
| 6. | НАРОДНА МУЗИКА | Посета на КУД |
| | | Посета на концерт на народна музика |
| | | Посета на проба на КУД |
| | | Разговор со познати градители на народни музички инструменти |
| | | Посета на институт за музички фолклор,,Марко Цепенков" |

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО

Наставникот организира и релизира ,,паралелно" водење на повеќе истражувачки проекти од истата тема во кои се вклучени работни групи ученици од иста возраст ( I година или II година). Области кои треба да бидат организирани како посета на концерт, опера или балет тогаш времето се планира и организира према предвидената сатница на одредена институција. За посетата на овој вид активност можат да учествуваат ученици кои веќе изкажале заинтересираност за оваа област од I ,II, III и IV година. Исто така, каде учениците индивидуално треба да ја презенираат својата активност наставникот заедно со ученикот го планира времето за консултации и укажувања на дадени проблеми за вокално или инструментално интерпретирање. Секој ученик е должен да изработи приказ (во писмена форма) на истражувањето и неговата презентација.

## НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР:

а) **Музичка уметност (музичка култура)**

1. Завршени студии по музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија, VII –1;
2. Завршени студии по музичка уметност – други оддели и се стекнал со педагошка, психолошка и методска подготовка на факултетот за музичка уметност, VII – 1;

## УЛОГА НА НАСТАВНИКОТ

- запознавање со учениците, откривање мотив за определба на ученикот за оваа подрачје;
- изработка на планирање на активностите како наставник – ментор;
- определување на деновите и часот кој нема да се поклопува со редовната настава, но нема дополнително да ги оптоварува учениците;
- формирање на групите;
- аудиција за вокални интерпретатори;
- аудиција за инструментални состави;
- формира инструментални групи и предлага програма за исполнување;
- јасно дефинирање на секоја од задачите (која задача ) и носителите (кој ученик), роковите (до кога) и соработката (со кого);
- советување на ученикот (тимот) при избор на конкретна проектна задача;
- помош и насочување на учениците при работа;
- советување на ученикот и давање инструкции при посета на филхармонија, опера, балет и други институции;
- улога на тренер (обука на учениците за конкретни активности);
- евиденција на активностите на учениците во дневник на паралелката и контрола на ученичките портфолија.

## АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ

- да избере барем една проектна област (тема) според сопствените афинитети и можности;
- да учествува активно и редовно на сите закажани активности;
- да истражува, анализира, открива нови сознанија за одредена област;
- да се ангажира својата задача навреме и точно да ја исполнува;
- редовно да ги забележува активностите во своето портфолио;
- да воспоставува и да одржува меѓусебна соработка во тимот;
- да имат коректен однос и почит кон институции со кои ќе соработува;
- да ги слуша, следи и забележува насоките дадени од страна на наставникот;
- да е способен за индивидуална вокална или инструментала интерпретација;
- да биде активен и одговорен посетител на опера, балет и други музички манифестации кои ќе ги посети;
- да презентира својата извршена проектна задача;

## СОРАБОТКА

- со другите ученици во групата, паралелката и другите паралелки;
- да има соработка со предметен наставник и други наставници;
- со други стручни соработници од други институции.

## МУЗИЧКО - НОВИНАРСКИ КЛУБ

## ОПШТА ЦЕЛ

Да развива љубов и интерес кон разни видови на музика преку истражување, анализирање, откривање на нови сознанија и достигнувања во светот на музиката. Поттикнување на учениците за индивидуална, групна работна соработка во тимот и пронаогањето на други можности за соработка вон училиштето (средби со познати имиња од светот на музиката),

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

- обука на ученикот за изработка на музички проект – новинарски текст;
- проучување и продлабочување на знаењата од областа на музиката (разни видови музика) по желба на тимско истражување;
- креативна соработка со разни институции и личности кои овозможуваат поголема информација за истражување на полето на музиката;
- новинарски куќи, продукциски куќи, ФМУ, КУД, МКЦ, МНТ и еминентни имиња од светот на музиката);
- оспособување на учениците за евидентирање, селектирање, анализирање на иформации - новинарско издавачко селектирање;
- оспособување на учениците за самостојно презентирање на завршната задача;
- подршка на училиштето за исполнување на проектот кој треба да се реализира во корелација со училишниот весник;
- издавање музички информации преку презентација на најновите настани, вести и занимливости, како и многубројните информации за она што духовно ги исполнува учениците – музиката;

| | *ОБЛАСТ* | *ТЕМА* |
|---|---|---|
| *1.* | *ИСТОРИЈА НА МУЗИКА* | *Карактеристики на музичката ренесанса, најзначајни претставници и музички форми од овој период* |
| | | *Појава на операта и нејзиниот развој* |
| | | *Инструментариумот во периодот на музичкиот барок* |
| | | *Симфонијата во периодот на музичкиот класицизам и "Виенските класичари"* |
| | | *Истакнати претставници на романтизмот* |
| | | *Појава и развој на современите стилови во музиката (џез, рок, поп, рап, техно итн.)* |
| | | *Посета на музички настани (опера, филхармонија, концерти од областа на* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *современата музика), контакти и интервјуа со главните изведувачи, композитори, диригенти итн.* |
| | | *Посета на ФМУ и остварување на контакти со некој од македонските композиттори, диригенти и изведувачи.* |
| | | *Посета на ТВ и радио станици* |
| *2.* | *ФОЛКОЛОР* | *Негување на фолклорната традиција во разни делови во Македонија.* |
| | | *Посета и контакт со КУД.* |
| | | *Посета на Институтот за фолклор.* |
| | | *Портрети на КУД* |
| | | *Контакти и интервјуа со познати имиња од областа на народната музика.* |
| | | *Посета на фестивали на народна музика (остварување контакти и интервјуа сол познати интерпретатори);* |
| *3.* | *МЛАДИ ТАЛЕНТИ* | *Контакти со ученици и студенти од МБУЦ и ФМУ* |
| | | *Контакти со ученици и други музички училишта.* |
| | | *Контакти и посета на детски музчки фестивали* |
| *4.* | *ЗАНИМЛИВОСТИ* | *Топ листа на сериозна музика* |
| | | *Топ листа на забавна музика* |
| | | *Мак Топ листа* |
| | | *Музички хороскоп* |
| | | *Музичка енигматика* |

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО

Наставникот организира и реализира водење на повеќе проекти од истата тема во кои се вклучени работни групи, ученици од иста возраст ( прва година, или втора, трета и четврта година).

Посети на концерти, опери, балети и други музички настани се организираат според планиран и организиран настан или предвидената сатница на одредена институција. Посетите ќе бидат индивидуални или во групи, а потоа ја презентираат својата активност пред наставникот и заедно го планираат времето за консултации и укажувања на дадени проблеми, како и на систематизација на добиените информации и заеднички учествуваат во изработката на весникот. Секој ученик треба да изготви приказ (во писмена форма) на истражувањето и негова презентација.

НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР:

б) **Музичка уметност (музичка култура)**

3. Завршени студии по музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија, VII –1;
4. Завршени студии по музичка уметност – други оддели и се стекнал со педагошка, психолошка и методска подготовка на факултетот за музичка уметност, VII – 1;

## УЛОГА НА НАСТАВНИКОТ

- запознавање со учениците, откривање мотив за определба на ученикот за ова подрачје;
- изработка на планирање на активностите како наставник-ментор;
- определување на деновите и часот кој нема да се поклопува со редовната настава, но нема дополнително да ги оптоварува учениците;
- формирање на групите;
- јасно дефинирање на секоја од задачите (која задача) и носителите (кој ученик), роковите (до кога) и соработка ( со кого);
- формирање на редакциски членови и издавачки совет;
- советување на учениците при изборот на конкретна проектна област - тема;
- помош и насочување на учениците при работата;
- советување на ученикот и давање на инструкции при посета на определени институции, музички редакции, радио и ТВ станици и др.
- улога на тренер (обука на учениците за конкретни активности);
- евиденција од активностите на учениците во дневник на паралелката и контрола од ученичките портфолија.

## АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ

- да избере барем една проектна област според сопствените афинитети и можности;
- да учествува активно и редовно на сите закажани активности;
- да истражува и открива нови сознанија за одредена област;
- да се ангажира својата задача навреме и точно да ја исполнува;
- редовно да ги забележува активностите во своето портфолио;
- да воспоставува и да одржува меѓусебна соработка во тимот;
- да имаат коректен однос и почит кон институции и лица со кои ќе соработува;
- да ги слуша, следи и забележува насоките дадени од страна на наставникот;
- да биде активен и одговорен посетител на сите музички манифестации кои ќе ги посети;
- да ја презентира својата извршена проектна задача.

## СОРАБОТКА

- со другите ученици од групата, паралелката и другите паралелки;
- да има соработка со предметен наставник и други наставници;
- со новинарската секција во училиштето;
- со други стручни соработници од други институции;

# ФОЛКЛОРЕН КЛУБ

## Општа цел

Да развива љубов и интерес кон богатиот фолклор преку разни истражувања, анализирања, откривања на нови сознанија и достигнувања во областа на фолклорното творештво. Поттикнување на учениците за индивидуална и групна соработка, организирање на тимски активности во рамките на училиштето (формирање на сопствена играорна група, приложување на визуелни и аудитивни материјали на разновидни изворни народни песни и ора) како и пронаоѓање на други можности за соработка вон училиштето (посета н КУД, институт за фолклор, разни концерти на народни ора, народна музика и интервју со пеач на изворни и новосоздадени народни песни).

## Конкретни цели

- обука на ученикот за изработка на проект од областа на фолклорното творештво;
- откривање способност за вокална - индивидуална интерпретација на изворните македонски песни;
- откривање способност за групна изведба на традиционалните македонски ора и игри;
- проширување и продлабочување на знаењата на ученикот од областа на фолклорното творештво (организирана посета на концерт на изворни народни инструменти и др.);
- соработка со разни институции кои овозможуваат поголема информација за истражување на полето на народниот фолклор (институт за фолклор, КУД и др.);
- оспособување на учениците за анализирање на народните инструменти;
- посета на фолклорен фестивал;
- оспособување на учениците за презентирање на завршената задача која се базира врз новодобиените информации од разговорите со стручни лица од областа на народното творештво како и од посетите на разни концерти и КУД;
- целосна поддршка од училиштето за презентирање на проектот.

| | ОБЛАСТ | ТЕМА |
|---|---|---|
| 1. | НАРОДНИ ПЕСНИ | **Видови на народни песни (свадбарски, обредни, жетварски, љубовни и др.)** |
| | | **Анализа на изворните народни песни** |
| | | **Вокална интерпретација (создавање на пеачка група во училиштето)** |
| | | **Ритамот во народната песна** |
| | | **Карактеристиките на печалбарските песни** |
| | | **Анализа на новосоздадената народна песна** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Значењето на народните песни за нашето културно минато |
| | | Интересот на младите денес за зачувување на традицијата на народните песни |
| 2. | НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ | Видови на народни инструменти (ударни, жичени и дувачки) |
| | | Посета на градителите на народни инструменти и разговор со истите за начинот на правење на инструментите |
| | | Организирано слушање на фрагменти со народни инструменти и препознавање на истите |
| | | Детална анализа на одделните видови на инструменти |
| | | Фрагменти од жичени инструменти ("Македонска рапсодија" од Ј.Јовановиќ; "Балада за виолончело" од В.Николовски) |
| | | Интервју со интерпретатор на народни инструменти |
| | | Организирана посета на концерт на изворни народни инструменти и анализа на истиот |
| 3. | НАРОДНИ ОРА | Орото – народна традиција |
| | | Женски народни ора и анализа |
| | | Мешани народни ора и анализа |
| | | Формирање на играорно друштво во рамките на училиштето |
| | | Практична изведба на ора по желба на учениците |
| | | Приложување на визуелни и аудитивни материјали од областа на народните ора |
| | | Посета на проба во КУД "Танец" и анализа на пробата |
| | | Посета на концерт на народни ора (Оро без граници) и анализа на концертот |
| 4. | НАРОДНИ НОСИИ | Народната носија – најизразит репрезент на традиционалното богатство на македонскиот народ |
| | | Карактеристики на народните носии (богатство на бои, разновидни детали и орнаменти) |
| | | Специфичности на македонската носија |
| | | Видови на народни носии (празнични и свечени) |
| | | Приложување на носии од различни краишта на Р. Македонија и воочување на разлики помеѓу истите |
| | | Народниот вез – белег на народните носии |
| | | Организирана посета на КУД "Орце Николов" и запознавање на народните носии од приложениот материјал |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | ИЗРАБОТКА НА ПАНО | Собирање на материјал од областа на народните песни, инструменти, ора и носии и нивно прикажување на сопствено пано |
| | | Прикажување на најубавите македонски народни песни на паното по желба на ученикот |
| | | Илустрација на македонскиот традиционален вез |
| | | Цртежи на разни ткаенини, килими и покривки на кои се забележува народниот вез |

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО

Наставникот ги организира групите и "паралелно" го води и реализира проектот од исто подрачје во кој работат групи ученици на иста возраст и година ( I година, II година…). Областа која што треба да биде рализирана, а е во врска со институција (музеј, КУД, институт за фолклор итн.) треба да биде остварена плански и во договор со соодветната институција. При посетата на овој вид на институција за остварување на активноста можат да бидат вклучени ученици од сите години кои што искажале заинтересираност. Наставникот го планира времето за консултации и укажува на пропустите посочува литература и др. извори на материјал, го корегира и покажува во вокалното или инструменталното интерпретирање. Секој ученик треба да изготви приказ во писмена форма и да го презентира, а за местото и времето на презентацијата се договараат наставникот и ученикот.

### НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР:

**ц) Музичка уметност (музичка култура)**

5. Завршени студии по музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија, VII –1;
6. Завршени студии по музичка уметност – други оддели и се стекнал со педагошка, психолошка и методска подготовка на факултетот за музичка уметност, VII – 1;

## Улога на наставникот

- Запознавање со учениците, откривање на мотивот за определба на ученикот за ова подрачје.
- Изработка и планирање на активностите како наставник – ментор.
- Формирање на групите.
- Одредување на деновите и часот кој нема да се поклопува со редовната настава но нема дополнително да ги оптоварува учениците.
- Аудиција на вокални интерпретатори, аудиција на инструментални солисти.
- Да соработува и контактира со вокални и инструментални интерпретатори.
- Да контактира, соработува и договара термини со институциите што треба да се посетат.
- Советување на ученикот (тимот) при изборот на конкретната проектна задача.
- Јасно ја дефинира задачата што треба да ја исполни ученикот, го одредува рокот (до кога) и соработката (со кого).

- Помага при работењето и ги насочува.
- Ги советува учениците и им дава инструкции при посета на институции КУД, концерти, музеи и др.
- Подготовка на учениците за презентација на извршената задача.
- Евидентирање на активностите на учениците во дневникот на паралелката и контрола на ученичките портофолија.

## Активности на ученикот

- Да одбере барем една проектна област според сопствените афинитети и можности.
- Да биде редовен, активен и совесен на сите закажани средби.
- Да покажува високо ниво на културно однесување во соработка со поединци, група или институција.
- Да истражува, анализира и се здобива со нови сознанија за одредена област.
- Да се ангажира и да ја исполни поставената задача навреме.
- Редовно да ги забележува активностите во своето портфолио.
- Да ги слуша, следи и забележува насоките дадени од страна на наставникот.
- Да ги следи, забележува, негува фолклорните вредности и манифестации.
- Талентираните да умеат технички и мелодиски да изведат вокална или инструментална интерпретација.

## Соработка

- Да се соработува со ученици во групата, паралелката и други паралелки.
- Да соработува со предметниот наставник и со останатите наставници.
- Да соработува со поединци, групи и разни институции, како и стручни соработници.

# МЛАДИ КОМПОЗИТОРИ – ИСТРАЖУВАЧИ

## Општа цел

Да развива љубов и интерес кон разни видови на музика преку истражувања, анализирања, откривања нови сознанија и достигнувања во областа на музиката. Поттикнување на учениците за индивидуална креативност и соработка со разни организации кои ќе им овозможат и помогнат да ги искажат своите творечки и музички способности. Исто така, можна е и тимска активност во рамките на училиштето (формирање на музичка лабараторија, каде преку слушање на разни аудитивни и визуелни материјали учениците ќе можат да го откријат начинот на творење – компонирање). Соработката ќе биде и со ФМУ (каде имаме оддел за композиција), со композитори - творци за сите видови на музика.

## Конкретни цели

- обука на ученикот за изработка на музички проект ;
- проширување и продлабочување на знаењата од областа на музика (разни видови на музика);
- откривање на творечки способности за компонирање;
- оспособување на учениците за анализа на партитури од познати странски и домашни композитори
- посета и разговор со компзитор – творец од разни видови на музика;
- организирана посета на концерт или друг вид на манифестација;
- креативна соработка со разни институции кои овозможуваат поголема информација за истражување на полето на музиката (Факултет за музичка уметност - оддел композиција);
- оспособување на учениците за презентирање на завршената задача;
- целосна поддршка од училиштето за презентирање на проектот.

| | ОБЛАСТ | ТЕМА |
|---|---|---|
| 1. | ИСТОРИЈА НА МУЗИКА | |
| | | Клавирска минијатура (начин на создавање) |
| | | Карактеристики за создавање на музика во барокот |
| | | Анализа на текстот на соло песна „Пастрмка" од Ф.Шуберт |
| | | Современа нотација |
| | | |
| | | |
| | | |
| 2. | НАРОДНА МУЗИКА | Први македонски композитори на народната песна |
| | | Начин на создавање на стара македонска народна песна |

| | | |
|---|---|---|
| | | Начин на создавање на стара македонска народна песна |
| | | Традиционални ора:„Тешкото" и др. |
| | | Влијанието на другите култури на нашата народна песна |
| | | |
| | | |
| 3. | ЗАБАВНА МУЗИКА | Електронска музика |
| | | Творештво на Влатко Стефановски |
| | | Гитаристите во Македонија |
| | | Хип-хоп музика |
| | | Поп – музика |
| | | |

## Организација на времето

Наставникот ги организира учениците и ги насочува кон поставените цели од ова подрачје. На ова подрачје може да се работи инивидуално но и во група (тимска работа). Областа која што треба да биде рализирана е врзана и со институција ( ФМУ, МРТ и др.) која треба да се посети за консултација или прибирање на податоци, па затоа треба да биде остварена со договор со соодветната институција. При посетата на овој вид на институција за остварување на активноста можат да бидат вклучени ученици од сите години кои што искажале заинтересираност. Наставникот го планира времето за консултации и укажува на пропустите посочува литература и др. извори на материјал, го корегира и го насочува ученикот за поставената цел на подрачјето. Секој ученик треба да изготви приказ во писмена форма и да го презентира, а за местото и времето на презентацијата се договараат наставникот и ученикот.

## НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР:

### д) Музичка уметност (музичка култура)

7. Завршени студии по музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија, VII –1;
8. Завршени студии по музичка уметност – други оддели и се стекнал со педагошка, психолошка и методска подготовка на факултетот за музичка уметност, VII – 1;

## Улога на наставникот

- запознавање со учениците, откривање на мотивот за определба на ученикот за ова подрачје.
- изработка и планирање на активностите како наставник – ментор.
- формирање на групи.
- одредување на деновите и часот кој нема да се поклопува со редовната настава но нема дополнително да ги оптоварува учениците.
- да контактира, соработува и договара термини со институциите што треба да се посетат.

- советување на ученикот (тимот) при изборот на конкретната проектна задача.
- јасно ја дефинира задачата што треба да ја исполни ученикот, го одредува рокот (до кога) и соработката (со кого).
- помага при работењето и ги насочува.
- ги советува учениците и им дава инструкции при посета на институции ФМУ, концерти и др.
- подготовка на учениците за презентација на извршената задача.
- да го снима записот од ученикот или групата.
- да ги евидентира на активностите на учениците во дневникот на паралелката и контрола на ученичките портофолија.

## Активности на ученикот

- да одбере барем една проектна област според сопствените афинитети и можности.
- да биде редовен, активен и совесен на сите закажани средби.
- дапокажува високо ниво на културно однесување во соработка со поединци, група или институција.
- да истражува, анализира и се здобива со нови сознанија за одредена област.
- да се ангажира и да ја исполни поставената задача навреме.
- редовно да ги забележува активностите во своето портфолио.
- да ги слуша, следи и забележува насоките дадени од страна на наставникот.
- да ги следи, забележува и негува музичките вредности.
- да умеат технички да го презентира својот проект ( нотен запис).

## Соработка

- да се соработува со ученици во групата, паралелката и други паралелки.
- да соработува со предметниот наставник и со останатите наставници.
- да соработува со поединци, групи и разни институции, како и стручни соработници.

Советник по музичка уметност
Анкица Витанова